**Договорен орган:**

**Занаетчиска комора Скопје**

**Скопје,17.02.2025**

**Објаснување бр.1**

**Одговор на прашања на**

**ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ**

**Објавен во рамките на проектот:**

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ: ГРАДЕЊЕ НА ВЕШТИНИ, КРЕИРАЊЕ НА ИДНИНА**

**финансиран од Европска унија**

**Буџетска линија 6.1.1 Финансиска поддршка на трети субјекти**

**Број на договор: ИПА III/2024/453-365**

**Реф.број:0302-12/44**

| Бр | Прашања | Одговори |
|---|---|---|
| 1. | Во Водичот за аплицирање на повикот ''ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ: ГРАДЕЊЕ НА ВЕШТИНИ, КРЕИРАЊЕ НА ИДНИНА '',не забележавме информации за колку да биде процентот за човечки ресурси од вкупинот буџет (сумата ) што би бил/а аплициран за акцијата. Може да не информирате во врска со оваа прашање? | Според точка 2.1.3 Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите од Повикот за доделување на грантови Подносителите на акции треба да достават реалистичен буџет. Во повикот не е дефиниран процентот за човечки ресурси. Можеме да одговориме дека проекцијата на трошоците за делот на човечки ресурси потребно е да биде направена врз основа на реално потрошените часови работа на администрација и активности на проектот. |
| 2. | Доколку предвидиме во една ставка средстав за двете година, но се случува втората година драстично да се зголемат цените, пример да поскапи превозот или материјалите за изработка на пекарските производи. Средствата ќе се планираат | Според точка 2.1.3 Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите од Повикот за доделување на грантови. Подносителите на акции треба да достават **реалистичен буџет.** |

| | | |
|---|---|---|
| | според моменталните цени на чинење. Како да постапиме пли планирање на буџетот во ваков случај? | |
| 3 | Колку лица максимум може да бидат лица назначени на проектот и кои би биле нивните улоги? | Според точка 2.1.3 Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите од Повикот за доделување на грантови. Подносителите на акции треба да достават **реалистичен буџет.**<br>Врз основа на проектните активности што планирате да ги реализирате, ќе предвидите и лица за реализација на активностите. |
| 4 | Колкав е бројот на ученици кои може да се натпреваруваат на државниот натпревар?<br>За да знаеме со селекција колку ученици да се допуштат од општински на регионален натпревар и од регионален на државен. | Според точка 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате од Повикот за доделување на грантови Приоритетна тема 1 одбирате струки/профили за поддршка на учениците во делот на натпреварите. Бројот на целната група вие ја одредувате. |
| 5 | Еден ученик колку ментори може да има? На натпреварите од здружението Дијаграм, еден ученик може да има само еден ментор? | Според точка 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате од Повикот за доделување на грантови Приоритетна тема 1 Промовирање на иновативни проекти и деловно работење на субјектите активни во областа на средното стручно образование со поддршка на младите за здобивање на стручни вештини за учество на училишни, регионални и национални натпревари во делот на унапредување на стручните вештини вие одлучувате каква поддршка ќе и дадете на целната група. |
| 6 | Кога ги планираме акциите, дали можеме да внесиме по некој дел од текстот од двете приоритетни теми? (страна 5) | Според точка 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате Типови на акции - дадени се прифатливи акции. Списокот на |

| | | |
|---|---|---|
| | | типови за предлог акции не е конечен, туку само илустративен, и соодветните предлог акции кои не се споменати погоре, но се во согласност со сите други критериуми за подобност, ќе бидат исто така земени во предвид за поддршка. Една акција може да се однесува на неколку или на комбинација од горенаведените активности со цел да се промовира модернизација и иновативно стекнување на вештини во различни струки на стручното образование. |
| 7 | Нашето здружение е заинтересирано за профилот пекар. Дали во планираните акции може да се вклучат покрај пекари и Прехранбени техничари и хемиски лабораториски техничари? | Според точка 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате Можете да ги планирате активностите и резултатите да одговараат на подобните акции. |
| 8 | Колку денови се планирани за оддржување на државниот натпревар? За да испланираме и општинскиот и регионалниот натпревар да бидат со ист број на денови. | Според точка 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате Можете да ги планирате активностите и резултатите да одговараат на подобните акции. |
| 9 | Во рамките на предвидените 19 - 20 месеци колку што трае проектот, дали во секој месец треба да имаме активности? Или да планираме на пример обуки за зајакнување на вештини од месец мај до месец септември? | Според точка 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате Планирањето на времетраењето на активностите ќе зависи од резултатите што сакате да ги постигнете со проектот. Треба да предвидите колку време ви е потребно да ги постигнете резултатите кои се планирани во проектот. |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Набавка на суровини за изработка на пекарски производи и потрошен материјал потребно е да се направи и за обуките и за натпреварите. Дали е дозволено повеќе пати да се врши набавка и каде да се внесат финансиите за обуката, бидејќи за натпреварите се внесува се во ставка? | Според точка 2.1.3 Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите од Повикот за доделување на грантови. Подносителите на акции треба да достават **реалистичен буџет.**<br>Во ексел документот Прилог 2 можете да додавате ставки кои ви се потребни за да го направите буџетот. |
| 11 | За одржување на обука со учениците, дали е дозволено да се изнајми пекара во училиште за одреден временски период или тоа треба да биде некоја локална фурна / пекара од помал тип? | Според точка 2.1.3 Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите од Повикот за доделување на грантови. Подносителите на акции треба да достават **реалистичен буџет**<br>За реализација на активностите треба да предвидите реални трошоци за постигнување на предвидените резултати. |
| 12 | Што се признава за доказ за потрошени средства покрај фактура, фискална сметка, возен билет. | По потпишување на договорот грантистите ќе имаат обврска да го регистрираат проектот во Секретаријат за европски прашања и Управа за јавни приходи. Проектот е ослободен од ДДВ.<br>За секоја набавка потребно е да се поседува уредна фактура/испратница или фискална сметка со готовинска фактура во прилог. |
| 13 | 1. Во ставката *Наведете го годишниот буџет на организацијата за последните три години во табелата подолу.*<br>Нашиот буџет е само од членарина и тоа се | Комисијата ќе одлучи за подобноста на апликантите врз основа на критериумите за евалуација. |

| | | |
|---|---|---|
| | премногу мали суми. Досега не сме користеле средства од грантови. Дали тоа негативно ќе влијае на одлуката за доделување на грант од проектот? | |
| 14 | Дали активностите од проектот би требало да бидат поврзани со натпревари?<br>И дали ние би ги организирале истите? | Според точка 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате во делот Типови на активност може да го најдете одговорот на вашето прашање.<br>Во рамките на овој повик може да се финансираат индикативни активности од следниов список:<br>-Активности за реализација на училишни натпревари на стручни вештини во профилите кои се дадени во приоритетната тема 1;<br>-Активности за реализација на регионални натпревари на стручни вештини во профилите кои се дадени во приоритетната тема 1; |
| 15 | Дали може учесниците-учениците да имаат менторска поддршка или практични посети кај занаетчии? | Според повикот Приоритетна тема 1: Промовирање на иновативни проекти и деловно работење на субјектите активни во областа на средното стручно образование со поддршка на младите за здобивање на стручни вештини за учество на училишни, регионални и национални натпревари. Може да предвидите активности кои се однесуваат на поддршка на учениците за здобивање со стручни вештини. |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Во делот кога се спомнува „Приоритет 1“ во повикот и каде што се набројани струките(професиите) има замерка за терминологијата конкретно за терминот „козметичар“. Прашањето беше што се подразбира под козметичар и кои дејности спаѓаат под него како што се наведени останатите занимања? | Одговор на прашањето ќе добиете на следниот линк https://youthempower.mk/wp-content/uploads/2025/01/ispravka-br.1.pdf<br><br>ИСПРАВКА БР.1<br><br>Исправка бр.1 на ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ. Договорен орган Занаетчиска комора Скопје проект Зајакнување на младите: градење на вештини, креирање на иднина финансиран од Европската Унија.<br><br>ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ<br><br>Објавен во рамките на проектот: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ: ГРАДЕЊЕ НА ВЕШТИНИ,<br><br>КРЕИРАЊЕ НА ИДНИНА финансиран од Европска унија<br><br>Буџетска линија 6.1.1 Финансиска поддршка на трети субјекти<br><br>Број на договор: ИПА III/2024/453-365<br><br>Реф.број:0302-12/44<br><br>ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ е изменет во:<br><br>Точка бр.1.2. Цели и приоритетни области на програмата- Специфична цел 2 и 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате- Приоритетна тема 1:<br><br>Наместо: Техничар за пејзажна хортикултура, Козметичар; |

| | | |
|---|---|---|
| | | Се менува во: Агротехничар, Техничар за козметичка нега и убавина<br><br>Сите други одредби и услови од Повикот за доделување на грантови остануваат непроменети |
| 17 | Дали активности надвор од државата се дозволени? | Според точка 2.1.2. Подобни акции: акции со кои можете да аплицирате<br><br>**<u>Локација</u>** - Акцијата мора да се одвива на територија на Република Северна Македонија.<br><br>Сите активности треба да се реализираат на територијата на Република Северна Македонија |
| 18 | На кој начин трошоците во рамките на проектите се ослободени од ДДВ? Дали секој грантист поединечно ќе треба да го регистрира својот проект во Министерство за европски прашања? | По потпишување на договорот грантистите ќе имаат обврска да го регистрираат проектот во Секретаријат за европски прашања и Управа за јавни приходи. Проектот е ослободен од ДДВ. |
| 19 | Дали опрема(на пример миксер) е подобен трошок? | Според точка 2.1.3 Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите од Повикот за доделување на грантови. Подносителите на акции треба да доставаат **реалистичен буџет**<br>Сите трошоци ќе се планираат врз основа на активностите и резултатитите што треба да ги реализирате и постигнете. Оправданоста на трошокот ќе ја наведете во ексел табелата Прилог 2 на втората страна. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 20 | Кои трошоци би можеле да спаѓаат во потрошен материјал(дали на пример тука спаѓаат сукала, алати итн.)? | Според точка 2.1.3 Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите од Повикот за доделување на грантови. Подносителите на акции треба да достават **реалистичен буџет**<br>За реализација на активностите трошоци кои би ги предвиделе ќе треба да ги оправдате во Прилог 2 ексел табелата Буџет на втората страна. |